Office of the Public Advocate

# Долготрајно полномошно (Финансии)

*Планирање за финансиските и правните одлуки во иднина*

Enduring Power of Attorney (Financial) - Macedonian

## Што е тоа долготрајно полномошно (финансии) и како функционира?

Долготрајно полномошно (финансии) е правен документ каде поединец (‘донатор’) може да му даде на друго лице (‘овластен’) законско право да донесува финансиски и правни решенија за него. Тоа може да вклучува раководење со банкарски работи, со имот и плаќање на сметки.

‘Долготрајно’ значи овластувањето продолжува (долготрајно) дури и кога лицето не може да ги донесува тие одлуки самиот заради несреќа или болест што довело до неспособност да донесува решенија, било привремено било трајно.

Овластувањето може да се даде со потполнување на формуларот *Долготрајно полномошно (Финансии)*, со што се дава овластување на лице избрано од донаторот. Формуларот мора да биде потпишан од страна на донаторот и од страна на сведоци.

Времетраењето на овластувањето може да биде наведено на формуларот, како и условите за донесување на решенија од страна на овластениот.

Овластениот се согласува со потпишување во делот за прифаќање на формуларот.

Решенијата на овластениот имаат исто правно дејство како да ги донел самиот овластувач.

## Зошто некој се овластува?

The Office of the Public Advocate (OPA) препорачува секој постар од 18 години би требало да назначи некого со долготрајно полномошно (финансии). Ова е единствениот начин поединец да може да влијае на тоа кој ќе донесува решенија во негово име ако самиот не е во состојба.

Поединец може трајно да ја изгуби состојбата да донесува решенија, заради деменција или заради повреда на мозокот при сообраќајна несреќа, или пак привремено со губење на свеста заради болест или несреќа.

## Какви решенија ќе може да донесува овластениот?

Назначеното лице овластено со долготрајно полномошно (финансии) може да донесува исти финансиски и правни одлуки кои поединец би ги донел за себе ако е способен за тоа. Долготрајното полномошно (финансии) не може да се користи за одлуки за лекување или одлуки за начинот на живот како на пример каде лицето ќе живее.

На формуларот каде се овластува лицето донаторот може да ги ограничи условите или да наведе услови за тоа како сака овластениот/ните да ги извршуваат нивните обврски.

## Кој може да назначи овластено лице?

Секој може да назначи овластено лице под услов да е постар од 18 години и да има способност за назначување.

## Што е тоа ‘способност за назначување’?

Тоа значи да имате способност да ги разбирате работите, значи да:

- разбирате
- памтите
- верувате
- проценувате (на пример процес), и
- да одмерувате

важни информации.

Донаторот треба да е во состојба да разбере:

- какво овластување му пренесува на овластениот, вклучувајќи ги можните ограничувања или услови кои донаторот ги вклучил во полномошното
- кога овластениот може да го користи правото на одлучување
- дека додека донаторот има способност може да го отповика пономошното
- дека полномошното и понатаму ќе биде на сила ако донаторот ја има способноста да донесува финансиски и правни одлуки
- дека штом еднаш донаторот ја изгубил способноста најверојатно не ќе може да ја надгледува работата и донесувањето решенија од страна на овластениот.

Обично, донаторот би требало да знае нешто и за природата и големината на неговите финансии.

Ако донаторот нема способност, а му треба некој да се грижи за неговите финансии и правни работи, Guardianship List при Victorian Civil and Administrative Tribunal (VCAT) може да назначи некого кој ќе донесува финансиски и правни решенија во негово име.

**Office of the Public Advocate**
Level 5, 436 Lonsdale Street, Melbourne, Victoria 3000
PO Box 13175 Law Courts, Victoria 8010. DX 210293
Локален повик: 1300 309 337 TTY: 9603 9529 Телефакс: 1300 787 510
**www.publicadvocate.vic.gov.au**

The Victorian Civil and Administrative Tribunal
Guardianship List
55 King Street, Melbourne, Victoria 3000
Тел: (03) 9628 9911 Fax: (03) 9628 9932
Бесплатен повик: 1800 133 055
www.vcat.vic.gov.au

За повеќе информации погледнете го информативниот листа на OPA *Администрација*.

## Избор на застапник

Застапник мора да биде постар од 18 години и да има способности да биде ополномоштеник. Донаторот може да назначи било кое лице или организација како застапник, под услов тие да се согласат на тоа. Застапникот треба да биде некој кому донаторот му верува да ги води неговите работи и да работи во негов најдобар интерес.

Донаторот може да избере да назначи повеќе од еден претставник и може да реши како претставниците ќе ги извршуваат работите. Тоа може да биде:

- заеднички, на пример претставниците мора да донесуваат решенија заедно
- заеднички и поединечно, на пример претставниците може да донесуваат решенија заедно или независно еден од др.

Може да биде назначен и алтернативен претставник. Алтернативниот претставник може да делува на место првиот претставник/ци во случај тие да не можат да ја извршуваат нивната улога.

Претставникот мора да прифати на писмено.

## Одговорностите на претставникот

Претставникот мора:

- да делува во најдобар интерес на донаторот
- секогаш кога е можно, да донесува решенија какви што и донаторот би направил
- да одржува точна евиденција на работењето и трансакциите кои ги прави
- да избегнува ситуации на конфликт на интерес
- да ја држи сопственоста и парите на донаторот одделени од неговите.

Кога донаторот ќе умре и полномошното завршува.

## Треба ли претставникот да биде платен?

Донаторот не мора да му плати на претставникот, освен ако нема назначено професионално лице или организација како негов претставник.

## Како се прави долготрајно полномошно (финансии)?

Долготрајно полномошно (финансии) е лесно да се направи. Тоа не мора да биде подготвено од правник. Меѓутоа, ако лицето има сложена финансиска и правна ситуација советите од правник може да помогнат.

Донаторот мора да потполни формулар за да назначи претставник и да го потпише формуларот во присуство на сведоци, кои мора да бидат убедени дека донаторот знае што прави (е свесен). Постојат ограничувања кој може да биде сведок. Ако постои сомневање во способноста на донаторот би требало да се ангажира независен медицински проценувач.

Формуларите за полномошно се достапни на www.publicadvocate.vic.gov.au, како и во повеќето продавници за весници или правни обрасци.

Или, *Превземете контрола – комплет за правење на полномошно и старателство* е достапен на www.publicadvocate.vic.gov.au или ако се јавите на 1300 309 337. Порачки на големо можат да се испратат на www.legalaid.vic.gov.au или ако се јавите на Victoria Legal Aid.

## Што ако донаторот се предомисли?

Донаторот може да го прекине (отповика) полномошното во секое време, под услов да ги разбира природата и последиците од отповикувањето на полномошното. Донаторот може да го отповика полномошното со известување на овластениот дека неговото овластување е повлечено, или со уништување на полномошното документот и сите копии.

OPA препорачува донаторот да го потполни и формуларот *Отповикување на долготрајно полномошно* и да му даде примерок на овластениот. Овој формулар ќе го добиете во OPA.

## Заштита

Формуларот за полномошно не треба никаде да биде регистриран или испратен. Донаторот треба да го чува оригиналот на безбедно место, а да му предаде на овластениот заверен примерок.

Ако овластениот не делува во најдобар интерес на донаторот, а донаторот не е повеќе во состојба да го отповика долготрајното полномошно (финансии), VCAT може да го отповика или прекине полномошното. Секој кој има искрен интерес за добросостојбата на донаторот може да побара од VCAT да ги разгледа постапките на овластениот.

VCAT располага со служба која работи 24 часа и може да назначи администратор за да донесува финансиски и правни одлуки ако полномошното биде отповикано.

## Повеќе информации

За совети и информации за полномошна и за улогата на овластениот ќе најдете во:

- OPA
- VCAT
- правни центри во заедницата
- правни лица
- Victoria Legal Aid.